Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење

**МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2024 ГОДИНА ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2025 година**

**Содржина**

1. **Вовед ......................................................................................... 3**
2. **Реализирани активности согласно Програма за 2024 година за дејствување на МБА ................................................................. 3**
3. **Финансиски извештај за период од 01.01. до 31.12.2024 година ....... 13**
4. **Заклучок ..................................................................................... 14**

**Вовед**

Во Извештајот за реализирани активности на Македонската банкарска асоцијација (во понатамошниот текст МБА) се презентирани најзначајните активности кои што се реализирани согласно Програмата за дејствување за 2024 година. Детален извештај за реализирани активности во текот на секој месец се објавува на веб страната на МБА www.mba.mk во делот „Само за членови“.

Како позначајни настани кои ја одбележаа 2024 година се издвојуваат следните:

- Потврдата за полноправно членство на МБА во Мрежата за одржливо банкарство и финансии (SBFN) на IFC
- Учеството на МБА како партнер во проектот предводен од  Франкфуртската школа за финансии и менаџмент под акронимот MiCreS кој има за цел воспоставување на првиот екосистем за микро-сертификати и треба да придонесе не само за подобрување на индивидуалните вештини, туку и да ја зајакне конкурентноста и приспособливоста на банкарската индустрија.
- Освоеното трето место на големото европско финале на Европскиот квиз на пари на претставници од нашата земја,  кои се сретнаа со кралицата на Белгија, Матилда.
- Заминувањето на Тони Стојановски од функцијата заменик претседател на МБА
- Склучувањето меморандум за соработка помеѓу Институтот за сметководители и овластени сметководители (ИСОС) и Македонската Банкарска Асоцијација (МБА)
- Именувањето на Бојан Стојаноски член на УО на Стопанска банка АД Скопје на функцијата заменик претседател на МБА
- Формирањето на Комисија за платежни картички и дигитално банкарство
- Финализирањето на активностите за имплементација на новата Spider SKIBOR апликација за пресметка на каматната стапка СКИБОР

**Реализирани активности согласно Програмата**

***Редовни активности***

- **редовно одржување седници на Собранието на МБА (во текот на цела година**)
  - 13.02.2024 година, одржана 43 - та седница на Собранието на МБА
  - 05.07.2024 година, одржана 44 - та седница на Собранието на МБА
  - 23.07.2024 година, одржана 45 - та седница на Собранието на МБА
  - 09.08.2024 година, одржана 46 - та седница на Собранието на МБА
  - 25.10.2024 година, одржана 47 - та седница на Собранието на МБА
  - 22.11.2024 година, одржана 48 - та седница на Собранието на МБА
- **редовно објавување на Националната референтна каматна стапка НРКС -** НРКС се објавува на веб страната на МБА согласно усвоените Правила за објавување
- **редовно објавување на маѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити СКИБОР (Skopje Interbank Offered Rate)** - објавувањето на веб страната на МБА се реализира веднаш по објавување на каматните стапки СКИБОР од страна на Народна банка

**Одбор за избор и следење на референтни банки**

- 01.02.2024 година, известување од Еуропоинт до Одборот за избор и следење на референтни банки за статусот на процесот на пренос на системот за пресметка на SKIBOR каматните стапки од НБРСМ
- 06.03.2024 година, одржана 15. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки
- 19.03.2024 година, одржан состанок на Одборот за избор и следење на референтни банки
- 13.5.2024-26.12.2024 година - активности за имплементација на новата СКИБОР апликација на која МБА ќе биде администратор
- 24.9.2024 година, одржана 16. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки,
- 21.10.2024 година, доставено известување во Народна банка за успешно завршено тестирање на новата платформа Spider SKIBOR
- 25.10.2024 година, донесена Одлука за продолжување на мандатот на членовите на Одборот за избор и следење на референтни банки
- 18.12.2024 година, одржана 17. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки

- **редовно одржување на состаноци на Комисиите на МБА**

  Во 2024 година одржани се 107 состаноци на комисиите и тоа:

  - Правна комисија 5
  - Комисијата за СПП и усогласеноста со прописи 16
  - Комисија за ризици 4
  - Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ 3
  - Комисија за документарно работење 10
  - Комисија за платен промет во земјата 15
  - Комисија за ликвидност 5
  - Комисија за информативна сигурност 6
  - Комисија за човечки ресурси 11
  - Комисија за финансиско реструктуирање 2
  - Комисија за работа со хартии од вредност 7
  - Комисијата за заштита на лични податоци 3
  - Комисија за ЕСГ 15
  - Комисија за Комисијата за платежни картички и дигитално банкарство 2

- **редовно издавање на МБА е – билтен**

  Во 2024 на веб страната на МБА беа објавени 4 изданија на МБА Е-билтенот

- **соработка со НБРСМ, Министерството за финансии на РСМ и другите институции важни за одржување на финансиската стабилност во земјата;**

  Позначајни доставени дописи:

  Влада на РСМ, Народна банка, Министерство за внатрешни работи и Управа за финансиско разузнавање:

- 16.02.2024 година– Барање за појаснување на статус на лични документи (лична карта и патна исправа)

Владата на РСМ, Министерство за правда, Министерство за финансии и Народна банка:

- 30.7.2024 година, од Правна комисија - Известување во врска со изменување и дополнување на Нотарската тарифа
- 17.9.2024 година, од Комисијата за платен промет во земјата и странство - Отворени прашања и предози во врска со Електронскиот систем за присилна наплата предвиден во Законот за платни системи и платежни услуги
- 18.11.2024 година - Коментари и предлози на доставениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и постоечкиот Закон за банките
- 20.11.2024 година, од Комисијата за платен промет во земјата и странство - Коментари на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење
- 05.12.2024 година, до Министерство за финансии во врска со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, како и за постоечкиот Закон за банките

Народна банка на РСМ:

- 25.01.2024, 22.11.2024 година - Прашања, забелешки и сугестии по Предлог - Упатство за хартиена форма на платните налози од Комисијата за платен промет
- 05.02.2024 година - Информација во врска со предлог Законот за измена и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи
- 19.4.2024, 01.11.2024 година, од Комисијата за ликвидност - Предлог за воспоставување на нов гарантен механизам за исполнување на обврските на учесниците во платниот систем КИБС
- 09.5; 13.6.2024 година - Коментари и забелешки по предлог Упатството за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар од Комисијата за ризици
- 14.5.2024 година од Комисијата за платен промет доставен допис во врска со валутниот режим - Статус на најавените промени на подзаконската регулатива од Законот за девизно работење кој го регулира платниот промет со странство
- 28.6.2024 година - Коментари, забелешки и прашања на Предлог – Упатство за спроведување на Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките, подготвен од Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ и Комисијата за ризици
- 16.8.2024 година, барање за дополнување на предлог Одлуката за методологијата за пресметка на висината на годишниот надоместок за вршењето на супервизија над банките и штедилниците како и начинот на неговата наплата

- 21.08.2024 година - Коментари и сугестии од страна на членките на МБА во врска со извештајот од Народна банка за поплаки кон банките и штедилниците во 2023 година
- 27.8.2024 година, од Комисијата за информативна сигурност - Барање за одложување на примена на член 16 алинеја 3 од Одлуката за утврдување на барањата за засилена автентикација и општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација
- 03.9.2024 година, од Комисија за ризици – Иницијатива за измени во регулативата за адекватноста на капиталот
- 20.9.2024 година, од Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ - Барање информација во врска со усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување од страна на Министерството за финансии
- 25.11.2024 година, од Комисијата за платен промет во земјата и странство - Коментари и забелешки на Предлог упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство
- 26.11.2024 година - Дополнителни информации поврзани со инстант плаќањата
- 27.11.2024 година, од Комисијата за ризици -Коментари и забелешки на Предлог - одлуката за изработка на план за решавање на банка и за оценка на можноста за решавање на банка и Предлог - упатството за начинот и постапката на доставување на податоците и информациите од Одлуката за изработка на план за решавање на банка и за оценка на можноста за решавање на банка
- 06.12.2024 година - Дополнителни коментари во врска со Предлог – Упатството за спроведување на Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките
- 06.12.2024 година, доставен допис со дополнителни коментари во врска со Предлог – Упатството за спроведување на Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките
- 18.12.2024 година, од Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ - Листа на прашања од банките во врска со ИФРС 16 и неговата имплементација
- 27.12.2024 година, од Комисијата за ризици и Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ - Одговор на Предлог - одлука за придонесите во Фондот за решавање на банки

Централен регистар на РСМ:

- 04.3.2024 година, од Комисијата за платен промет - Мислење по предлог Правилникот за формата, начинот и роковите за доставување на информации и податоци до Единствениот регистар
- 01.4.2024 година - Активности за усогласување со одредбите во дел седми глава 2 и член 231 од Законот за платежни услуги и платни системи - ЗПУПС
- 29.11.2024 година - Забелешки по однос на Каталогот на податоци со правила и контроли за упис во ЕРС

Комисија за хартии од вредност на РСМ:

- 26.8.2024, 14.11.2024 и 26.11.2024 година, од Комисијата за работа со хартии од вредност -Коментари на Правилниците за правилна примена на Законот за финансиски инструменти (479, 480,481,483,485,488,489, 493, 652-1, 653-1 657-1; 658-1, 663-1,667-1, 655-1 и 481-1)

Останато:

- 05.02.2024 година, доставени до Националниот совет за дигитална трансформација на општеството - Коментари, забелешки и предлози по предлог Националната стратегија за сајбер безбедност и предлог Националната ИКТ стратегија
- 24.06.2024 година, до Управа за финансиско разузнавање и Народна Банка - Барање за информација за можност за отворање на резидентна банкарска сметка за странско физичко лице кое што има добиено дозвола за работа преку платформата Отворен Балкан
- 19.7.2024 година, проследена - Иницијатива за воспоставување механизми за соработка помеѓу банките, односно Fraud Forum до одделите за работа со картички од одговорното лице на Visa за Западен балкан
- 18.10.2024 година, до Македонска берза - Одговор на понуда за изработка на нови функционалности со кои се криптираат пратените документи при праќање на меил пораки преку апликацијата Брокер Офис
- 05.11.2024 година, од Комисијата за заштита на лични податоци до Агенцијата за заштита на лични податоци - Мислење по нацрт Стратегијата за заштита на лични податоци на АЗЛП за периодот 2025-2030 година
- 13.12.2024 година, од Комисијата за платежни картички и дигитално банкарство до Европската централа на Apple Pay - Иницијатива за воведување на Apple Pay

Стручната служба при МБА до Комисиите проследи околу 300 известувања и дописи примени од надлежни институции во форма барања за произнесување по нацрт законски и подзаконски акти, одговори и други барања.

- **организирање на националниот натпревар за Европскиот квиз на пари во текот на Европската недела на пари**
    - 22.01.2024 година, објавен јавен повик до основните и средните училишта во Република Северна Македонија за учество во меѓународниот натпревар – Европски квиз на парите
    - 19.02.2024 година, одржан онлајн состанок со претставници од МБА, Народна банка, Комисија за ХВ и техничката поддршка во врска со организацијата на настаните за Европски квиз на пари
    - 28.02.2024 година, одржан работен состанок за подготовка за натпреварот „Европски квиз на парите 2024“ со претставници од Народна банка и Комисија за хартии од вредност и пријавените ментори и ученици

- 18.3.2024 година, одржан првиот круг на националниот натпревар Европски квиз на пари 2024
- 21.3.2024 година, одржан вториот круг од националниот натпревар ЕКП 2024

- **организирање полагање на испитите за АЦИ (ACI Financial Market Association)**
  - 29.3.2024, 28.6.2024, 27.9.2024, 29.11.2024 и 20.12.2024 година, реализирано полагање на ACI испити, дел од едукативната програма на ACI Financial Market Association
  - 12.8.2024 година, доставен распоред на термини за полагање ACI испити за 2025 година
- **организирање прослава по повод Светскиот ден на штедење, во соработка со Фондот за осигурување на депозити на РСМ**

Реализирана на 31.10.2024 година во ресторанот Рагуза 360, со претходна презентација на проектот MiCreS од страна на претставниците од Франкфуртската школа за финансии и менаџмент

- **организирање предновогодишно дружење -** реализирано на 13.12.2024 година
- **редовно известување на јавноста за работењето преку одржување на интернет страната со ажурирани податоци, како и користење на медиуми (социјални медиуми, интернет портали, печат, радио и телевизија)**

  Позначајни активности:
  - редовно објавување на веб страната и социјалниот медиум LINKEDIN
  - редовно доставување одговори на новинарски прашања
  - Учество во утреинска емисија на ТВ Телма по повод Светскиот ден на штедење

***Соработка со Европската банкарска федерација***

- 24.01.2024 година, присуство на 58. Состанок на асоцијативните членки
- 19.3.2024 година, присуство на вебинар во организација на ЕБФ по повод одбележување на десет годишнината на Европската недела на парите
- 18-19.4.2024 година, присуство на финалниот натпревар на Европскиот квиз на пари во Брисел
- 07.6.2024 година, присуство на 59. Состанок на асоцијативните членки на ЕБФ
- 17.10.2024 година, доставени податоци за банкарскиот сектор во РС Македонија до Европската банкарска федерација
- 05.12.2024 година, одржан онлајн состанок во организација на Европската банкарска федерација во врска со Европскиот квиз на пари и негово финансирање од Еразмус+ програмата
- 06.12.2024 година, доставено известување до Европската банкарска федерација за назначување на нов заменик претседател на Македонската банкарска асоцијација
- 18.12.2024 хгодина, одржан онлајн состанок во организација на Европската банкарска федерација во врска со Европскиот квиз на пари и негово финансирање од Еразмус+ програмата

- 30.12.2024 година, доставен формулар со податоци за Македонската банкарска асоцијација до Schuman Associates во врска со финансирањето на Европскиот квиз на пари од програмата Erasmus+

***Соработка со Европската тренинг асоцијација за банкарство и финансиски услуги (European banking and financial services training association, EBTN)***

- 22.02.2024 година, присуство на претседателката и извршниот секретар на МБА на работен состанок на EBTN во Франкфурт
- 21.06.2024 година, присуство на претседателката на МБА на работен состанок на EBTN во Белград, Србија

***Соработка со Sustainable Banking and Finance Network SBFN***

- 26.4.2024 година, присуство на претседавачите од Комисијата за ЕСГ на обука - Training for Trainers for Banking Associations in the Western Balkans on promotion of Sustainable Finance and ESG, во Тиват, Црна Гора
- 11.9.2024 година, присуство претседателката на МБА и претседавачот на Комисијата за ЕСГ на 8-та Глобална конференција на Sustainable Banking and Finance Network – SBFN, Rio, Brazil
- 12.12.2024 година, известување од SBFN до Комисијата за ЕСГ во врска со активности планирани за 2025 година

***Соработка со БАЦЕЕ***

- Редовно проследување покани за учество на регионални конференции, семинари, работилници и други настани на Банкарска асоцијација на централна и источна Европа БАЦЕЕ

***Едукативни активности***

- Редовно проследување покани за едукативни настани до Комисијата за човечки ресурси и релевантните комисии
- 19.2.2024 година, присуство на е-состанок на Проектна група за финансиска едукација (FEPG) при EBF
- 20.3.2024 година, одржана работилница во рамките на Комисијата за документарно работење - Стоп за грешките во гаранциското работење
- 12.4.2024 година, присуство на е-состанок на Проектна група за финансиска едукација (FEPG) при EBF
- 10.5.2024 година, одржана работилница на тема Инкасо-наплати во рамките на Комисијата за документарно работење
- 15.5.2024 година, одржана работилница на тема: Корпоративна стратегија-M&A во пракса, со предавач Димитар Фуна, во рамките на Комисијата за финансиско реструктурирање на корпоративен долг
- 09.7.2024 година, присуство на претставници од МБА на состанок во Народна банка на тема програма за финансиска едукација од Фондацијата ФинЛит (ЕОС)

- 20.8.2024 година, доставена листа на активности и семинари за 2025 година во Министерствата за финансии, во рамки на соработката со Министерството за финансии на Луксембург
- 16.10.2024 година, одржан првичен состанок на Комитетот за едукација при МБА
- 24.10.2024 година, присуство на состанок на Работната група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација
- 30.10.2024 година, одржан состанок на претставници од Комитетот за едукација при МБА со Министерката за образование и наука
- 11.10.2024 година, одржан состанок на Работната група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација
- 14.11.2024 година, одржана Информативна сесија за докторски програми на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (УАКС)
- 10.12.2024 година, присуство на „Работилница за размена на искуства во доменот на финансиска едукација", во организација на Меѓународната мрежа за финансиска едукација при Организацијата за економска соработка и развој (ИНФЕ-ОЕЦД) и Народната банка, во рамките на втората фаза на „Проект за техничка помош за финансиска едукација во рамките на Конституенцата на Министерството за финансии на Холандија"

***Други активности***

- **подготовка и аплицирање на Проекти за промовирање на цели и задачи на МБА, посебно за развој на свеста за професионални и етички прашања поврзани со банкарството и банкарскиот сектор, вклучувајќи и развој на финансиската и дигитална едукација**
    - 21.02.2024 година, присуство на претседателката и извршниот секретар на МБА на почетен состанок за MICRES project во Франкфурт
    - 10.7.2024 година, одржан виртуелен состанок на претставници на МБА со одговорно лице за MiCreS проектот
    - 24.9.2024 година, присуство на претставник од МБА на вториот состанок на MiCreS проектот организиран од Institut de Estudis Financiers (IEF), Барселона
    - 31.10.2024 година, официјална промоција на MiCreS проектот во нашата земја од страна на претставници на Frankfurt School of Finance &Management
    - 11.12.2024 година, присуство на онлајн работилница во организација на MiCreS проектот, на тема запознавање со блокчејн технологијата

- **учество на претставници на МБА (претседателство, вработени и претставници на комисиите) на настани организирани од други банкарски здруженија, семинари, работилници и други настани**
    - 18.01.2024 година, присуство на презентација за СПП на претставник на Monetago, Ian Milne
    - 22.01.2024 година, присуство на четвртиот состанок на Националниот совет за дигитална трансформација на општеството
    - 01.02.2024 година, присуство на претставници од Комисијата за платен промет на работен состанок во Народна банка во врска со Законот за платежни услуги и платни системи

- 05.02.2024 година, присуство на претставници на Комисијата за СПП и усогласеност со прописите на координативен состанок за спроведување на НРА во Управата за финансиско разузнавање
- 06.02.2024 година, работен состанок со Агенцијата за катастар на недвижности и Нотарската комора, на членови на Правната комисија
- 16.02.2024 година, учество на претставници на Правната комисија на јавна расправа во Министерството за економија по Предлог – Закон за трговски друштва
- 19.02.2024 година, присуство на заменик-претседавачот на Комисијата за информативна сигурност на средба на CICWG (Critical Infrastructure Cybersecurity Working Group), на тема Управување со ризици, на покана на Министерство за информатичко општество и администрација
- 20.02.2024 година, учество на претставници од Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ на работилница на Светска Банка
- 04.3.2024 година, одржан состанок на претседателството на МБА со претставници на Министерство за финансии на САД
- 28.3.2024 година, учество на претседателката на МБА, д-р Маја Стевкова Штериева како панелист на Прва регионална конференција на сметководители и овластени сметководители во РС Македонија во организација на ИСОС
- 16.4.2024 година, присуство на членови на Комисијата за информативна сигурност на состанок за Critical Infrastructure Cyber Working Group (CICWG), во хотел Мериот
- 16.4.2024 година, одржана презентација на тема Иднината на банкарството, од страна на гостин говорник Дејвид Ѓори, извршен директор на Banking Reports Лондон
- 13.5.2024 година, присуство на претседателството на МБА, на свеченост по повод 25 години постоење на Банкарската Асоцијација на Албанија
- 15.5.2024 година, присуство на претставници на Комисијата за заштита на лични податоци на ТАЕКС работилницата за изработката на Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година, во организација на Агенцијата за заштита на личните податоци и Европската Комисија
- 15.5.2024 година, присуство на претседавачот на Комисија за СПП и усогласеност со прописисте како предавач на Работилница на тема Промовирање на транспарентноста на крајните сопственици за борба против перењето пари и финансирањето тероризам, во организација на Американската адвокатска комора, дел од Програмата за усогласеност со ФАТФ во Источна Европа
- 05.6.2024 година, присуство на претставници од Комисијата за информативна сигурност во Народната банка на работилница за новинари: „Дигитализацијата на финансиските услуги и нивната примена во банкарскиот сектор"
- 25.6.2024 година, присуство на состанок во Народна банка со членови од Комисијата за платен промет со цел презентирање и дискусија на предлог измените и дополнувањата на Одлуката за извршување платежни трансакции

- 10.7.2024 година, одржан состанок со Снежана Софијаниќ, одговорно лице на Visa за Западен балкан, со Работното тело за картично работење при МБА на тема воспоставување механизми за соработка помеѓу банките, Fraud Forum
- 17.9.2024 година, присуство на Комисијата за информативна сигурност на 18.состанок на Работната група за сајбер безбедност на критичната инфраструктура (CICWG)
- 19.9.2024 година, присуство на претставници на МБА на 23. годишна конференција на Македонската берза
- 27.9.2024 година, одржана работна средба со претставник од банкарската асоцијација на Србија - Удружење банака Србија
- 21.10.2024 година, присуство на претставници на Комисијата за информативна сигурност, на настан на тема Cybersecurity for the Banking Sector, во организација на USAID-funded Critical Infrastructure Digitization and Resilience (CIDR) Program
- 21.11.2024 година, присуство на претставниците од МБА на Презентација во организација на Народна банка на тема Законот за решавање банки
- 05.12.2024 година, присуство на претставник на Банкарски самит, во организација на банкарската асоцијација на Србија - Удружење банака Србија
- 10.12.2024 година, присуство на претседателката на МБА како говорник на настанот „Невидливи меѓу најранливите: Предизвици за возрасните жени во општеството“, во организација на Канцеларијата на UN Women во Скопје
- 11.12.2024 година, присуство на претседавачите на Комисијата за СПП и усогласеност со прописи и Извршниот секретар на МБА на консултативен состанок во врска со воспоставување деловен однос со странски трустови и правни аранжмани во Централниот регистар
- 13.12.2024 година, одржана средба со претставници на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) со извршниот секретар на МБА и претседавачите на Правната комисија, Комисијата за информативна сигурност и Комисијата за платежни картички и дигитално банкарство
- 16.12.2024 година, учество на заменик претседателот на МБА на Презентација на Насоките за поголемо вклучување на лицата со попреченост како потрошувачи во банкарскиот сектор и на Брошура за финансиска едукација на лицата со оштетен вид во Народната банка
- 18.12.2024 година, присуство на претставници на Комисиите при МБА на состанок поврзан со започнувањето на процесот за оперативна и техничка подготовка на давателите на платежни услуги за приклучување кон платежните шеми во Единствената област за плаќања во евра (СЕПА) во Народна банка

**Други настани и останати активности**

- 02.02, 13.06 и 27.9.2024 година, одржан состанок на Извршен и Надзорен Одбор на АЦИ Македонија
- 14.02.2024 година, номинирани членови во Работна група за Закон за инсолвентност, во надлежност на Министерство за економија
- 20.02.2024 год.номиниран член во Дисциплинска комисија во Македонска берза

- 04.9.2024 година, номинирани членови во Работната група за изготвување на предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, во надлежност на Министерство за правда
- 26.9.2024 година, потпишан Меморандумот за соработка помеѓу Институтот за сметководители и овластени сметководители (ИСОС) и МБА
- 26.11.2024 година, номинирани членови во Работна група за проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам поврзани со крипто-средства, во надлежност на Управата за финансиско разузнавање

**Финансиски извештај за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

| Во МКД | | План за 2024 година | Реализирано 31.12.2024 година |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **10.915.912** | **11.203.852** |
| 1 | Приходи од членарини и надомести | 6.789.600 | 6,793,461 |
| 2 | Камати и други приходи | 391 | 36,029 |
| 3 | Приходи Micres | | 217.687 |
| 4 | Приходи ACI | | 30.754 |
| 5 | Пренос | 4.125.921 | 4,125,921 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **9.587.306** | **8,672,583** |
| 1 | Канцелариски материјали | 35.600 | 37,449 |
| 2 | Услуги за одржување, ИТ и други | 504.000 | 407,912 |
| 3 | Превоз, телефон, ПТТ | 612.000 | 586,106 |
| 4 | Трошоци за репрезентација | 1.086.000 | 1,019,081 |
| 5 | Наем на канцелариски простор и техничка опрема | 1.424.000 | 1,615,191 |
| 6 | Банкарски услуги, негативни курсни разлики, нотарски трошоци, премии за осигурување | 45.000 | 42,748 |
| 7 | Службен пат | 752.000 | 501,002 |
| 8 | Сметководствени услуги | 182.928 | 172,304 |
| 9 | Фонд за едукација и унапредување на работата на МБА, договори на дело и друго | 876.528 | 563,544 |
| 10 | Набавка на мебел, компјутер, принтер | 460.000 | 134,159 |
| 11 | Плата, регрес | 3.045.000 | 3,102,928 |
| 12 | Членарини ЕБФ, ЕКП, ЕБТН | 563.450 | 490,159 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **10.915.912** | **11,203,852** |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **9.587.306** | **8,672,583** |
| **СОСТОЈБА** | | **1.328.606** | **2,531,269** |

| | | |
|---|---|---|
| **Девизна сметка во мкд** | | **5.003** |

За спроведување на предвидените активности во Програмата за дејствување за 2024 година, се користат средствата собрани од членарина.

МБА добива надомест од ЕУР50,00 за организирање на онлајн полагање на ACI испитите, дел од едукативната програма на ACI Financial Market Association Paris.

**Заклучок**

Заклучно со 31.12.2024 година, Програмата за дејствување на МБА за 2024 година и Финансискиот план на МБА за 2024 година во најголем дел се реализирани согласно планираното.

Сепак од одредени причини не беа реализирани следните активности:

- Одржување состаноци и еко акција на жените - членови на УО на банките и штедилниците,
- Воведување на годишна награди за млад банкар,
- Анализа на потребата за формирање на тело (Комисија) за консултација при отварање на преговори со ЕУ за поглавје за финансии

На крајот на Извештајот за 2024 година уште еднаш изразуваме благодарност на Тони Стојановски за неговиот значаен придонес во основањето на Македонската банкарска асоцијација како и за неговата посветеност и континуиран ангажман во различните аспекти на работењето кои оставија траен печат врз нашите активности.

Особено би сакале да ја истакнуваме неговата неизмерна енергија и иницијатива во промовирањето на асоцијацијата, како на национално ниво, така и во меѓународни рамки, што значително придонесе за нејзиното препознавање, признавање и развој.